Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 05 - 6556/1
Скопје/Shkup________година/viti
06 -07- 2026

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

# Извештај за финансиското работење на претпријатието за првиот квартал од 2026 година

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

СОДРЖИНА:


I. ВОВЕД........................................................................3

II. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ........................................................................4

III. ПРИХОДИ........................................................................5

IV. РАСХОДИ........................................................................9

V. БИЛАНС НА СОСТОЈБА........................................................................12

VI. БИЛАНС НА УСПЕХ ........................................................................14

VII. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА........................................................................16

## I. ВОВЕД

Јавното Претпријатие за државни патишта (во натамошниот текст: ЈПДП) е основано на 03.01.2013 со Одлука за основање број 41-10147/1 од 28.12.2012 донесена од Владата на Република Македонија, објавена во Службен Весник на РМ бр.1 од 02.01.2013 година. Претпријатието е запишано во Централен Регистар на РМ со ЕМБС 6839673 и е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје.

Основна цел и дејност на ЈП за државни патишта е планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на патиштата и управување со државните патишта. Со тоа ЈП за државни патишта останува двигател на патната инфраструктура во Република Северна Македонија.

Извештајот за финансиското работење на претпријатието за првиот квартал од 2026 година се изготвува согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија и се однесува за периодот од јануари – март 2026 година и истиот се доставува до Владата на Република Северна Македонија.

Во извештајниот период ЈПДП ги реализираше приходите и трошоците согласно Финансискиот план за 2026 година, како и инвестициите согласно Годишната Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2026 година.

## II. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| Ред. бр. | Опис | План I квартал 2026 | Остварени I квартал 2026 | Остварени I квартал 2025 | Стр. Анал. I квартал 2026 | Спор. Оств./ план I квартал 2026 | Спор. Оств. 2026/2025 I квартал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **3,750,000,000** | **2,565,235,063** | **3,367,109,541** | 100.00% | 0.68 | **0.76** |
| 1.1 | Приходи од патарина | 1,125,000,000 | 827,446,399 | 777,570,685 | 32.26% | 0.74 | **1.06** |
| 1.2 | Приходи од регистрација | 625,000,000 | 551,756,106 | 493,881,242 | 21.51% | 0.88 | **1.12** |
| 1.3 | Други приходи | 25,000,000 | 11,303,441 | 69,366,694 | 0.44% | 0.45 | **0.16** |
| 1.4 | Дел од акциза од нафтени деривати | 1,500,000,000 | 1,173,176,685 | 1,132,289,200 | 45.73% | 0.78 | **1.04** |
| | **Вкупно приходи од работењето** | **3,275,000,000** | **2,563,682,631** | **2,473,107,821** | | 0.78 | **1.04** |
| 1.5 | Приходи од камати | 2,500,000 | 336,213 | 4,558,068 | 0.01% | 0.13 | **0.07** |
| 1.6 | Приходи од позитивни курсни разлики | 472,500,000 | 1,216,219 | 889,443,652 | 0.05% | 0.00 | **0.00** |
| | **Вкупно финансиски приходи** | **475,000,000** | **1,552,432** | **894,001,720** | | 0.00 | **0.00** |
| 2 | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **2,250,000,000** | **2,300,449,470** | **1,433,576,946** | **100.00%** | 1.02 | **1.60** |
| 2.1 | Трошоци за суровини и материјали | 7,500,000 | 42,638,079 | 35,589,160 | 1.85% | 5.69 | **1.20** |
| 2.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 500,000,000 | 556,100,493 | 483,078,662 | 24.17% | 1.11 | **1.15** |
| 2.3 | Останати трошоци од работењето | 125,000,000 | 58,111,130 | 67,771,660 | 2.53% | 0.46 | **0.86** |
| 2.4 | Трошоци за вработените | 187,500,000 | 95,007,672 | 87,238,581 | 4.13% | 0.51 | **1.09** |
| | **Вкупно трошоци од работењето** | **820,000,000** | **751,857,374** | **673,678,063** | | 0.92 | **1.12** |
| | ***Оперативна Добивка/загуба од работењето*** | ***2,455,000,000*** | ***1,811,825,257*** | ***1,799,429,758*** | | 0.74 | **1.01** |
| 2.5 | Амортизација | 625,000,000 | 653,277,937 | 650,803,750 | 28.40% | 1.05 | **1.00** |
| 2.6 | Расходи од Камати | 305,000,000 | 45,660,377 | 43,653,254 | 1.98% | 0.15 | **1.05** |
| 2.7 | Расходи од негативни курсни разлики | 500,000,000 | 849,653,782 | 65,441,879 | 36.93% | 1.70 | **12.98** |
| | **Вкупно финансиски расходи и Амортизација** | **1,430,000,000** | **1,548,592,096** | **759,898,883** | | 1.08 | **2.04** |
| 3 | ***Финансиски резултат (добивка/загуба)*** | **1,500,000,000** | **264,785,593** | **1,933,532,595** | | | |
| 4 | **Вкупни неизмирени обврски (краткорочни)** | | 7,762,872,705 | 7,326,355,491 | | | |
| 5 | **Вкупни побарувања (краткорочни)** | | 91,662,204 | 380,584,381 | | | |
| 6 | **Состојба на сметки (денарска и девизна)** | | 847,624,159 | 1,589,581,913 | | | |
| 7 | **Вкупен број на вработени лица** | | 507 | 492 | | | |
| | Број на лица враб. на неопределено време во претпријатието | | 454 | 464 | | | |
| | Број на лица враб. на определено време во претпријатието | | 20 | 20 | | | |
| | Број на привремено враб. во претпријатието | | 33 | 8 | | | |

| 8 | Износ на просечно исплатена нето плата во претпријатието | | 53,831 | 51,372 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

Оперативната добивка за првиот квартал во 2026 година изнесува ***1,811,825,257*** денари и истата е за 1% повисока од првиот квартал од претходната година.

Финансискиот резултат за првиот квартал во 2026 година е добивка од ***264,785,593*** денари.

## III. ПРИХОДИ

Финансиските средства за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на јавните патишта и за работење на Јавното претпријатие се обезбедуваат од:

1) дел од акцизата од деривати од нафта;

2) надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);

3) надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);

4) надоместок за:

а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас,

б) приклучување на пристапен пат на јавен пат,

в) поставување на инсталации во трупот на патот, во патниот и заштитниот појас;

г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место,

д) прекумерно користење на пат,

ѓ) вонредниот превоз и

е) штета сторена на патот и објектите на патот;

5) средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на општините и на градот Скопје;

6) заеми, кредити и грант средства од МФИ

7) други приходи.

Висината на средствата од точка 1 се утврдува со Одлука на Владата на Република Северна Македонија и истата не може да биде помала од 20% од вкупниот приход по основ на акциза од деривати од нафта.

➢ Табеларен приказ на специфицираните приходи

*во илјади денари*

| Ред. Бр. | ОПИС | ОСТВ. I квартал 2025 | ПЛАН 2026 | ОСТВ. I квартал 2026 | Спор. анал. тек. / оств. претх. | Спор. анал. оств. / план. | Структ. анал. тек. год. (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Оперативни приходи** | | | | | | |
| 1.1 | Приходи од акциза | 1,132,289 | 1,500,000 | 1,173,177 | 1.04 | 0.78 | 45.73 |
| 1.2 | Приходи патарина | 777,571 | 1,125,000 | 827,446 | 1.06 | 0.74 | 32.26 |
| 1.3 | Приходи регистрација | 493,881 | 625,000 | 551,756 | 1.12 | 0.88 | 21.51 |
| 1.4 | Останати приходи од работењето | 69,367 | 25,000 | 11,303 | 0.16 | 0.45 | 0.44 |
| | **Вкупни оперативни приходи** | **2,473,108** | **3,275,000** | **2,563,683** | 1.04 | **0.78** | **99.94** |
| 2 | **Останати приходи** | | | | | | |
| 2.1 | Позитивни курсни разлики | 889,444 | 472,500 | 1,216 | 0.00 | 0.00 | 0.05 |
| 2.2 | Приходи од камати | 4,558 | 2,500 | 336 | 0.07 | 0.13 | 0.01 |
| | **Вкупно останати приходи** | **894,002** | **475,000** | **1,552** | 0.00 | **0.00** | **0.06** |
| | **Вкупно приходи** | **3,367,110** | **3,750,000** | **2,565,235** | 0.76 | **0.68** | **100.00** |

Во периодот јануари – март 2026 година, ЈП за државни патишта има остварено приходи во износ од **2.565.235.063** денари, и тоа:

1. Приход остварен од надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина) во износ од 827.446.399 денари, односно 74% од квартално планираниот приход по овој основ за 2026 година. Во споредба со истиот период од 2025 година, приходот од патарина е поголем за 49.875.714 денари. Висината на надоместокот е определена вй12о зависност од должината на делницата на која се наплаќа надоместокот и од категоријата на возилата во согласност со Одлука донесена од Владата на Република Северна Македонија за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина), бр.45-3763/1 од

03 јуни 2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.118/2019 од 11.06.2019).

2. Приход остварен од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при регистрација на возилата, во износ од 551.756.106 денари, или 88% од квартално планираниот приход по тој основ за 2026 година. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот по оваа основа е поголем за 12% или за 57.874.864 денари. Остварувањето на овој приход е врз основа на примена на Одлуката на Владата на РМ бр.19-4732/1 од 22 септември 2009 година за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) и Одлука за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/2014). Според Одлуката, имателите на моторните и приклучните возила, надоместокот го плаќаат при регистрација на возилата годишно а во зависност од влијанието на возилото врз оштетувањето на патот.

3. Други приходи на ЈП за државни патишта согласно Законот за јавни патишта за првиот квартал во 2026 година изнесуваат 11.303.441 денари. Овие приходи се остваруваат врз основа на надоместоци што се плаќаат на магистралните и регионалните патишта, согласно „Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државен пат, приклучување на пристапен пат на државен пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на државен пат, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место, за прекумерно користење на државен пат, за вонреден превоз и за штета на државен пат и на објектите на патот", приходи остварени од наплата на гаранции, пресметани приходи од побарувања по основ на судски предмети и други приходи.

4. Приход остварен од делот од акцизата од нафтени деривати, во првиот квартал од 2026 година изнесува 1.173.176.685 денари. Во споредба со истиот период од минатата година, приходот остварен по овој основ е поголем за 4% или за 40.887.485 денари. Согласно Законот за јавните патишта овие средства се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија на сметка на Јавното претпријатие најмалку четири пати годишно, во интервали од најмалку три календарски месеци.

5. Финансиските приходи во првиот квартал од 2026 година изнесуваат 1.551.432 денари, од кои 336.213 денари се приходи од камати и 1,216,219 денари се пресметани позитивни курсни разлики.

- Графички приказ на специфицираните приходи



## IV. РАСХОДИ

- Табеларен приказ на специфицираните расходи

*во илјади денари*

| Ред. Бр. | ОПИС | ОСТВ. I квартал 2025 | ПЛАН 2026 | ОСТВ. I квартал 2026 | Спор. оств. I квартал 2026/2025 | Спор. оств. I квартал/ план 2026 | Структ. Анал. I квартал 2026 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Расходи од дејноста** | | | | | | |
| 1.1 | Трошоци за суровини и материјали | 35,589 | 7,500 | 42,638 | 1.20 | 5.69 | 1.85% |
| 1.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 483,079 | 5,000,000 | 556,100 | 1.15 | 0.11 | 24.17% |
| 1.3 | Останати трошоци од работењето | 67,772 | 125,000 | 58,111 | 0.86 | 0.46 | 2.53% |
| 1.4 | Трошоци за вработени | 87,239 | 187,500 | 95,008 | 1.09 | 0.51 | 4.13% |
| | **Вкупно оперативни расходи** | **673,678** | **5,320,000** | **751,857** | 1.12 | 0.14 | 32.68% |
| 2 | **Останати расходи** | | | | | | |
| 2.1 | Амортизација | 650,804 | 625,000 | 653,278 | 1.00 | 1.05 | 28.40% |
| 2.2 | Расходи по основ на камати | 43,653 | 305,000 | 45,660 | 1.05 | 0.15 | 1.98% |
| 2.3 | Расходи по основ на курсни разлики | 65,442 | 500,000 | 849,654 | 12.98 | 1.70 | 36.93% |
| | **Вкупно финансиски расходи и амортизација** | **759,899** | **1,430,000** | **1,548,592** | 2.04 | 1.08 | **67.32%** |
| | **Вкупно расходи** | **1,433,577** | **6,750,000** | **2,300,449** | 1.60 | 0.34 | **100.00%** |

Во периодот јануари - март 2026 година направени се трошоци и расходи во вкупен износ од **2,300,449,469** денари.

1. За трошоци за суровини и материјали и електрична енергија квартално потрошени се 42.638.078 денари, од кои: за трошоци за канцелариски материјали потрошени се 297.645 денари, за трошоци за материјали за одржување хигиена потрошени се 184.305 денари, трошоци за ролни за фискални каси на наплатни станици потрошени се 556.695 денари, за трошоци за вода и други напитоци потрошени се 400.151 денари, трошоци за набавка на тагови во износ од 11.640.048 денари, за гориво за службени возила потрошени се 704.987

денари, додека за потрошена електрична и топлотна енергија потрошени се 28.854.247 денари.

2. За трошоци за услуги со карактер на материјални трошоци квартално потрошени се 556.100.493 денари, од кои: за трошоци за ПТТ услуги, мобилна телефонија, интернет потрошени се 2.982.894 денари, трошоци за одржување патишта (Македонија пат) потрошени се 490.804.624 денари, трошоци за одржување автоматски стоп рампи потрошени се 2.433.085 денари, трошоци за одржување, надградба и броење на сообраќај, потрошени се 6.916.181 денари, трошоци за одржување системи во тунели Демир Капија потрошени се 7.202.412 денари, трошоци за одржување на опрема и објекти на ЈПДП, одржување патни делници Штип-Радовиш и Штип – Кочани потрошени се вкупно 15.923.429 денари, за одржување на ел.наплата на патарина потрошени се 3.070.974 денари, режиски трошоци (вода, собирање смет по наплатни, паркинг услуги и др.) потрошени се 242.346 денари, одржување на опрема за видео надзор-наплатни станици во износ од 602.331 денари, трошоци за одржување на РАМС системи се 8.121.313 денари, трошоци за провизија за здруженија за технички преглед потрошени се 8.966.909 денари, трошоци за надзор потрошени се 5.765.332 денари, за наем на деловен простор потрошени се 2.428.610 денари и провизија за привремени вработувања потрошени се 247.648 денари.

3. За останати трошоци од работењето квартално се потрошени 58,111,130 денари, од кои: трошоци за осигурување патнички возила и згради и опрема потрошени се 59.004 денари, надоместоци за членови на управен и надзорен одбор во износ од 412.222 денари, трошоци за банкарски провизии потрошени се 14.899.351 денари, останати трошоци (административни, судски, нотарски такси) потрошени се 3.236.742 денари, за консултантски услуги потрошени се 4.997.402 денари, трошоци за поврат на средства од регистрација на товарни возила кои престојуваат во странство потрошени се 4.716.006 денари, трошоци за вештачења, адвокатски услуги, геодетски услуги, претплата за стручни списанија и др. потрошени се 29.783.290 денари.

4. Трошоците за вработените за првиот квартал од извештајниот период изнесува 95,007,672 денари, и тоа: за трошоци за бруто плати 79.339.682 денари, трошоци за привремени вработувања – 8.216.608 денари, трошоци за семинари во износ од 17.900 денари, трошоци за превоз на инкасанти во износ од 6.561.924 денари, надомест за трошоци за исхрана на терен во износ од 103.501 денари, трошоци за солидарна помош во износ од 465.816 денари, трошоци за службени патувања во износ од 211.127 денари и сл..

5. Пресметаниот трошок за амортизација за првиот квартал од 2026 година изнесува 653.277.937 денари.

6. Расходите за камати и пресметани негативни курсни разлики (финансиски расходи) за првиот квартал од 2026 година изнесуваат 895.314.159 денари, и тоа: негативните курсни разлики изнесуваат 849.653.782 денари и каматите изнесуваат 45.660.377 денари.

Напомена: Пресметаните позитивни и негативни курсни разлики согласно меѓународните сметководствени стандарди и пресметковниот начин на водење на сметководството, влијаат на остварениот финансиски резултат, а произлегуваат од користењето и отплатата на странските кредити, односно од вкупната кредитна задолженост на ЈП за државни патишта. Пресметаните курсни разлики (позитивни или негативни) во најголема мерка зависат од движењето на курсот на американскиот долар, валута во која ЈП за државни патишта го има склучено договорот со Кинеската Ексим банка за финансирање на изградбата на патните правци Кичево – Охрид и Миладиновци – Штип.

➢ Графички приказ на специфицираните расходи



## V. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Билансот на состојба ја покажува состојбата на средствата и изворите на претпријатието на 31.03.2026 година. Билансот на состојба е статички и кумулативен преглед, кој го набљудува претпријатието во даден момент и ја прикажува состојбата на средствата, изворите и капиталот кои произлегуваат од сите активности во претпријатието од неговото основање до денот на составување на билансот. Вредностите на ставките во Билансот на состојба се искажани според нивниот износ при набавка на средството, корегирани за промените што настанале.

| Ред. Бр. | БИЛАНС НА СОСТОЈБА | Остварено 01.01.2026 - 31.03.2026 | Остварено 01.01.2025 - 31.03.2025 | Струк. анал. 2026 | Спор. 2026/ 2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | | | |
| 1 | **Тековни средства** | **941,344,850** | **1,972,104,606** | | **0.48** |
| 1.1 | Парични средства | 847,624,159 | 1,589,581,913 | 0.44% | 0.53 |
| 1.2 | Краткорочни Побарувања | 91,662,204 | 380,584,381 | 0.05% | 0.24 |
| 1.3 | Залихи | 2,058,487 | 1,938,312 | 0.00% | 1.06 |
| 2 | **Нетековни средства** | **191,956,996,715** | **172,355,459,709** | | **1.11** |
| 2.1 | **Нематеријални средства** | **8,275,540** | **5,972,953** | | 1.39 |
| 2.1.1 | Концесии, патенти, лиценци и др. | 8,275,540 | 5,972,953 | 0.00% | 1.39 |
| 2.2 | **Материјални средства и вложувања во недвижност** | **191,948,721,175** | **172,349,486,756** | | **1.11** |
| 2.2.1 | Недвижности | 85,322,498,824 | 86,847,366,614 | 44.23% | 0.98 |
| 2.2.2 | Постројки и опрема | 65,745,477 | 50,172,485 | 0.03% | 1.31 |
| 2.2.3 | Транспортни средства | 9,250,602 | 11,547,030 | 0.00% | 0.80 |
| 2.2.4 | Канцелариски инвентар и мебел | 2,022,229 | 2,246,371 | 0.00% | 0.90 |
| 2.2.5 | Аванси за набавка на материјални средства | 3,141,831,219 | 3,215,688,190 | 1.63% | 0.98 |
| 2.2.6 | Материјални средства во подготовка | 103,407,103,519 | 82,222,196,761 | 53.61% | 1.26 |
| 2.2.7 | Останати материјално вложувања | 269,305 | 269,305 | 0.00% | 1.00 |
| 3 | **Платени трошоци за идни периоди (АВР)** | **0** | **0** | | |
| | **Вкупна актива** | **192,898,341,565** | **174,327,564,314** | **100.00%** | **1.11** |
| | **ПАСИВА** | | | | |
| 1 | **Обврски** | **63,244,289,161** | **63,782,859,292** | | **0.99** |
| 1.1 | **Краткорочни обврски** | **7,762,872,705** | **7,326,355,491** | | **1.06** |
| 1.1.1 | Обврски кон добавувачи | 2,395,962,442 | 1,889,792,741 | 1.24% | 1.27 |
| 1.1.2 | Обврски за аванси и депозити | 1,379,749,424 | 1,843,488,497 | 0.72% | 0.75 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.3 | Обврски кон вработените | 0 | 0 | 0.00% | |
| 1.1.4 | Тековни даночни обврски | 281,536,822 | 34,958,820 | 0.15% | 8.05 |
| 1.1.5 | Обврски по заеми и кредити | 3,705,624,017 | 3,557,776,105 | 1.92% | 1.04 |
| 1.1.6 | Останати финансиски обврски | 0 | 339,328 | 0.00% | |
| 1.2 | **Долгорочни обврски** | **55,481,416,456** | **56,456,503,801** | | **0.98** |
| 1.2.1 | Обврски по заеми и кредити | 55,338,502,155 | 56,330,507,609 | 28.69% | 0.98 |
| 1.2.2 | Останати долгорочни резервирања | 142,914,301 | 125,996,192 | 0.07% | 1.13 |
| 2 | **Капитал и резерви** | **83,903,890,576** | **76,524,847,228** | | **1.10** |
| 2.1 | Капитал | 5,000,000 | 5,000,000 | 0.00% | 1.00 |
| 2.2 | Ревалоризирана резерва | 9,796,453,000 | 9,796,453,000 | 5.08% | 1.00 |
| 2.3 | Резерви | 3,853,478,174 | 5,906,427,172 | 2.00% | 0.65 |
| 2.4 | Акумулирана Добивка | 60,936,383,459 | 55,029,956,287 | 31.59% | 1.11 |
| 2.5 | Добивка за деловна година | 9,312,575,943 | 5,787,010,769 | 4.83% | 1.61 |
| 3 | **Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР)** | **45,750,161,825** | **34,019,857,792** | **23.72%** | **1.34** |
| | **Вкупна пасива** | **192,898,341,562** | **174,327,564,312** | **100.00%** | **1.11** |

Вкупната актива/пасива во Билансот на состојба до 31.03.2026 година изнесува 192,898,341,562 денари. Во однос на истиот период претходната 2026, кога изнесувала 174,327,564,312 денари, бележи зголемување од 11%. Во активата најголемо зголемување, согласно структурната и споредбената анализа, има во материјалните средства како и во краткорочни побарувања. Во пасивата, зголемувањето е најголемо кај обврските кон добавувачи и останати долгорочни резервирања, како и кај тековни даночни обврски.

## VI. БИЛАНС НА УСПЕХ

Билансот на успех ги покажува вкупно остварените приходи и расходи од работењето на ЈПДП за првиот квартал од 2026 година и финансискиот резултат за истиот период. Во табелата што следи дадени се споредбени податоци за првиот квартал од тековната година со истиот период од претходната 2025 година и со планираните квартални резултати за 2026 години.

| Ред. бр. | БИЛАНС НА УСПЕХ | План I квартал 2026 | Оств. I квартал 2026 | Оств. I квартал 2025 | Струк. Анал. 2026 | Спор. 2026/ 2025 | Спор. 2026/ план |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Приходи од дејноста** | | | | | | |
| 1.1 | Патарина | 1,125,000,000 | 827,446,399 | 777,570,685 | 32.26% | 1.06 | 0.74 |
| 1.2 | Регистрација (патна такса) | 625,000,000 | 551,756,106 | 493,881,242 | 21.51% | 1.12 | 0.88 |
| 1.3 | Акциза | 1,500,000,000 | 1,173,176,685 | 1,132,289,200 | 45.73% | 1.04 | 0.78 |
| 1.4 | Други приходи | 25,000,000 | 11,303,441 | 69,366,694 | 0.44% | 0.16 | 0.45 |
| | **Вкупно приходи од дејноста** | **3,275,000,000** | **2,563,682,631** | **2,473,107,821** | | **1.04** | **0.78** |
| 2 | **Финансиски приходи** | | | | | | |
| 2.1 | Камати | 2,500,000 | 336,213 | 4,558,068 | 0.01% | 0.07 | 0.13 |
| 2.2 | Позитивни курсни разлики | 472,500,000 | 1,216,219 | 889,443,652 | 0.05% | 0.00 | 0.00 |
| | **Вкупно финансиски приходи** | **475,000,000** | **1,552,432** | **894,001,720** | | **0.00** | **0.00** |
| | **Вкупно приходи** | **3,750,000,000** | **2,565,235,063** | **3,367,109,541** | **100.00%** | **0.76** | **0.68** |
| | | | | | | | |
| 1 | **Трошоци од дејноста** | | | | | | |
| 1.1 | Трошоци за суровини и материјали | 7,500,000 | 42,638,079 | 35,589,160 | 1.85% | 1.20 | 5.69 |
| 1.2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 500,000,000 | 556,100,493 | 483,078,662 | 24.17% | 1.15 | 1.11 |
| 1.3 | Трошоци за вработените | 187,500,000 | 95,007,672 | 87,238,581 | 4.13% | 1.09 | 0.51 |
| 1.4 | Останати трошоци од работењето | 125,000,000 | 58,111,130 | 67,771,660 | 2.53% | 0.86 | 0.46 |
| | **Вкупно трошоци од дејноста** | **820,000,000** | **751,857,374** | **673,678,063** | | **1.12** | **0.92** |
| 2 | **Финансиски расходи и амортизација** | | | | | | |
| 2.1 | Камати | 305,000,000 | 45,660,377 | 43,653,254 | 1.98% | 1.05 | 0.15 |
| 2.2 | Негативни курсни разлики | 500,000,000 | 849,653,782 | 65,441,879 | 36.93% | 12.98 | 1.70 |
| 2.3 | Амортизација | 625,000,000 | 653,277,937 | 650,803,750 | 28.40% | 1.00 | 1.05 |
| | **Вкупно останати расходи** | **1,430,000,000** | **1,548,592,096** | **759,898,883** | | **2.04** | **1.08** |
| | **Вкупно расходи** | **2,250,000,000** | **2,300,449,470** | **1,433,576,946** | **100.00%** | **3.15** | **1.02** |
| | **Финансиски резултат** | **1,500,000,000** | **264,785,593** | **1,933,532,595** | | **0.14** | **0.18** |

Во Билансот на успех се содржани оперативните приходи, кои за извештајниот период изнесуваат 2,565,235,063 денари, и оперативните или општите трошоци, кои изнесуваат 2,300,449,470 денари. Нивната разлика ја дава оперативната добивка која за првиот квартал од 2026 година изнесува 264,785,593 денари. Кај позитивните курсни разлики се бележи намалување за извештајниот перод, а кај негативните курсни разлики се бележи зголемување кое е настанато поради значителнотоо зголемување на курсот на доларот во споредба со истиот период од минатата година.

## VII. ИНВЕСТИЦИОНА ПРОГРАМА

Инвестициите се вбројуваат меѓу најзначајните фактори на економскиот развој. ЈПДП, средства за инвестиции ги обезбедува од домашни заштеди и странски кредити. Во табелата што следи се прикажани инвестиции од сопствени средства и инвестициите со странски кредити, како и инвестициите од буџетски средства остварени во прввиот квартал од 2026 година и нивната споредба со претходната година за истиот квартал.

| Р.бр | Годишна Програма | Програма 2026 | Реал.I квартал 2026 |
|---|---|---|---|
| | **ИНВЕСТИЦИИ** | **5,034,583,000** | **6,587,146,628** |
| | **Инвестиции од сопствени средства** | **1,114,083,000** | **533,776,286** |
| | Градба и рехабилитација на државни патишта | 425,000,000 | 167,859,502 |
| a) | *Изградба на делн. Извор (спој со А2) - Гарски Мост* | | 59,920,533 |
| b) | *Рехаб. На државен пат А2 - обиколница Крива Паланка* | | 29,141,774 |
| c) | *Изградба на делница Сончев град* | | 2,010,508 |
| d) | *Рехаб. на А2 на делн.Извор - Врбјани* | | 33,056,237 |
| e) | *Реконструкција на делн. Струмица - Дабиле* | | 9,657,274 |
| f) | *Изг. на Обикол. на Тетово преку клу. Требош до Непроштено* | | 34,073,176 |
| | Свлечишта и рехабилитација на мостови и тунели | 25,000,000 | 40,873,946 |
| a) | *Санација на мост на р.Вардар А2 делн.Гостивар - Стража* | | 8,213,816 |
| b) | *Санација на труп на Р1306, дел.Прилеп - Крушево* | | 19,584,118 |
| c) | *Заштита и санац. на потпорен sид Р1202, кај Бигорски манастир* | | 5,000,000 |
| d) | *Санац. на свлчиште Косоврасти - Мелнички мост* | | 8,076,012 |
| | Осветлување и Сигнализација и опрема на патишта | 25,000,000 | 3,421,290 |
| a) | *Сооб. сигнал. и опрема Р1203 Тетово - Јажинце* | | 3,421,290 |
| | Сопствено учество во инвестиции од странски креди-ти | 168,750,000 | 135,898,123 |
| a) | *Кичево -Охрид -Кинески кредит сопствено учество* | | 135,832,172 |
| b) | *ДДВ Елект. систем за патарини 1 фаза* | | 65,951 |
| | Инвестиционо одржување | 155,333,000 | 26,698,901 |
| a) | *Периодично инвестиционо одржување* | | 26,698,901 |
| | Експропријација | 112,500,000 | 74,791,675 |
| | Проектирање | 25,000,000 | 4,930,040 |
| | Надзор над градежни работи | 172,500,000 | 75,509,475 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Опрема и Софтвер | 5,000,000 | 3,793,334 |
| | **Инвестиции од странски кредити** | **2,337,000,000** | **1,187,482,068** |
| | Инвестиции со кредит од ЕБОР | 1,212,000,000 | 88,924,968 |
| a) | ***Проектирање на делница Букојчани-Кичево*** | | 4,380,298 |
| b) | ***Рехабил.и прош.на дел.А1 Катланово - Петровец*** | | 83,635,006 |
| c) | ***Електронски систем за наплата на патарина Коридор 8*** | | 909,664 |
| | Инвестиции со кредит од Ексим Банка | 1,125,000,000 | 1,098,557,100 |
| a) | ***Изградба на Автопат Кичево - Охрид*** | | 1,098,557,100 |
| | Инвестиции од буџетски средства | **1,583,500,000** | **4,865,888,274** |
| a) | ***Изградба на делн. Тетово - Гостивар -Букојчани, Требе-ништа - Струга -Ќафасан, Прилеп - Битола*** | | 4,865,888,274 |

➢ Графички приказ на инвестиции според изворите на финансирање




**Директор**

**Коце Трајановски**

Изработил: Маре Шурлиновска

Контолирал: Марина Терповска

Одобрил: Татјана Миновска